Предмет: Барање за понуди (Објава на тендер)

Набавувач	САВА осигурување а.д. Скопје
Назив на тендер	Тендер за набавка на канцелариски материјали
Број на тендер	01.12.2026 год.
Контакт - email	nikola.krstevski@sava.mk

Датум на објава на тендерот: 01.12.2026 година

Краен датум на доставување на понудите: 15.12.2026 година

Почитувани,

САВА осигурување а.д. Скопје ќе врши избор на најповолна компанија за набавка на канцелариски материјали за потребите на САВА осигурување а.д. Скопје на територија на Р.С. Македонија во времетраење од 1 (една) година односно од 01.01.2027 година до 31.12.2027 година.

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1. Повикот - барањето за доставување на Пријава за учество е отворено за сите домашни правни лица регистрирани или овластени за предметната набавка.

1.2. Нарачателот ќе ја прифати онаа Пријава за учество што ќе биде оценета како најповолна согласно критериумот најниска понудена цена по исполнување на професионалните и технички барања на Нарачателот, референца, гаранција и квалитет, рок на испорака, економска состојба на понудувач, попуст на плаќање и деловна соработка како и и го задржува правото односно не е обврзан да прифати било која понуда, како и правото да го поништи повикот за набавка.

1.3. По истекот на рокот за поднесување на понудите, понудата не може да се менува или да се повлече.

2. Технички спецификации

2.1. Предметот на набавката: Канцелариски материјал за период од 1 година

Р.бр.	Вид артикл	Единица мерка	Рамковни количини
1	фотокопирна хартија бела фабријано	топ	7080
2	скалпер 18 мм	парче	20
3	разхевтувач	парче	10
4	спајалици 2,3	кутивче	2000
5	хевт иглици 24/6 делта	кутивче	2000
6	кутија за спајалици	парче	10
7	коректор ноки 1/1	парче	50
8	коректорна лента центрум	парче	50
9	регистратори А4	парче	720
10	мемо стик 75*75	парче	1500
11	гума мас	парче	10
12	папка УР ноки	пакување	1400
13	папка со клапна	парче	50
14	папка А4 со ластик	парче	20
15	Штипка 41 мм	парче	50
16	дневник на благајна А4	парче	50
17	Персонално досие	парче	50
18	Испратница -приемница Фактура А5	кочан	12
19	Книга влезни -излезни фактури	парче	20
20	Деловодник 60 л	парче	5
21	Налог за користење патнички автомобили А5	кочан	15
22	Селотејп 50*66	парче	10
23	селотејп 15*33	парче	10
24	фискална ролна 57 мм 18 м	парче	1500
25	фискална ролна 57 мм 25 м	парче	1500
26	табла плута 40*60	парче	3
27	табла бела магнетна 60*90	парче	3
28	плик мал	парче	1500
29	плик американ	парче	1500
30	плик лев десен прозор	парче	12000
31	плик среден	парче	5000
32	плик вречка	парче	2000
33	текст маркер Центрум	парче	560
34	борд маркер 290	парче	20

35	текст маркер 1/4 Јоли	пакување	100
36	молив со гума	парче	20
37	мокрилка	парче	5
38	Пенкало 2011 Ноки вондербал	парче	5000
39	Бушач В 220	парче	5
40	Хевталица Боксер 400	парче	30
41	Корпа за отпад метална мрежа црна/сива	парче	10
42	Чаша за молив мрежа црна/цива	парче	20
43	Полици метална мрежа сива / црна 1/3	парче	10
44	Дигитрон Ноки ХЦ 001 цо 14 дигит	парче	10
45	Лењир 100цм	парче	10
46	мастило за печат 40 мл	парче	50
47	јастуче за печат 2 средно	парче	10
48	ножици 15 цм Ицо	парче	30
49	Архивски кутии	парче	360
50	корица предна прозирна 100л	парче	100
51	книга за евиденција на работно време	Парче	100
52	Гел пенкала 1/12	парче	200
53	Штипки за хартија 1/12	парче	100
54	Стикери за обележување страници 4 бои	парче	100
55	Спојувалки големи 1/100	парче	
56	Регистратори А4 мали	парче	500
57	Хефталица клешта метална	парче	50
58	Патни сметки	кочан	50
59	Лепак стик	парче	100
60	Вирмани ПП 10	кочан	50
61	Судски папки	парче	200
62	Обележувачи на страни бо разни бои 1/4	парче	100
63	Полици вертикални пластични	парче	50

64	Папка со механизам	парче	200
	Пенкало со лепенка	парче	50
	Тенкоминец	парче	50
	Плико жолто со перниче	парче	50
	Мини за тенкоминец 0,5	парче	50
	Перфоратор голем 100 листа	парче	5

Напомена : Со понудата економскиот оператор потребно е да достави каталог од артиклите од кои што ќе може да се види дали артиклите ги задоволуваат бараните карактеристики од техничката спецификација . Набавката е сукцесивна и набавувачот нема обврска да ја исполни целата количина на стока која е наведена во техничката спецификација.

2.2. Пријавата и бараната документација треба да бидат потпишани и заверени со печат од страна на економскиот оператор.

3. СОДРЖИНА НА ПРИЈАВИТЕ ЗА УЧЕСТВО

3.1. Пријавата за учество треба да содржи:

-назив на економскиот оператор,
-адреса и седиште на економскиот оператор,
-овластено лице на економскиот оператор,
-контакт лице за ова барање за понуда,
-телефон, e-mail и
-првична финансиска понуда.

3.2. Понудата треба да содржи податоци за:

- цена,
- детална референтна листа, со точен назив на фирмите за кои економскиот оператор ги вршел услугите предмет на тендерот, со контакт податоци на одговорни лица на фирмите за кои е изведуван ваков вид на услуги, период на изведба на услугите и референца од фирмите корисници на услугите,
- податоци за гаранција и квалитет,
- рок на испорака,
- податоци за економска состојба на понудувач,
- попуст на плаќање,
- деловна соработка и
- усогласеност со Закон за заштита на лични податоци.

3.3. Рок на важност на понудата: 30 дена од крајната дата за поднесување на Пријавата за учество дефинирана во тендерот.

3.4. Пријавите за учество треба да бидат доставени на македонски јазик.

4. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР

4.1. Критериумите за избор на најповолен економски оператор се:

-референца
-најниска понудена цена
-гаранција за квалитет
-рок за испорака
-економска состојба на довавувач
-попуст на плаќање
-деловна соработка

4.2. Пријавата за учество/Првичната финансиска понуда треба да биде изработена согласно со наведените барања дадени во ова барање.

Доколку истата не е изработена и не ги содржи бараните податоци, понудата ќе се смета за некомплетна и истата ќе биде одбиена.

5. ОПШТИ ОДРЕДБИ

5.1. Доверливост

Проценката на Пријавите за учество и понудите се до доделувањето на договорот е доверлив процес.

Сите информации во врска со евалуацијата на понудите се доверливи информации за Нарачателот и нема да се изложат на Економските оператори или на било кои други лица што не се вклучени во евалуацијата на понудите.

Секој обид на Економскиот оператор или неговите соработници да влијаат на евалуацијата на понудите од страна на Нарачателот или на донесувањето на неговата одлука може да доведат невалидност на Пријавата за учество/привичната финансиска понуда на Економскиот оператор.

5.2. Проверка на Пријавата за учество/ Првичната финансиска понуда

Пред деталната евалуација на понудите, Нарачателот ќе ги провери понудите во однос на комплетноста, доставувањето на бараната документација, исполнувањето на барањата од тендерската документација како и пресметковната точност на понудата.

Во случај на мали несоодветности, Нарачателот истите ќе ги корегира, заради соодветна проценка на понудата. Ако грешките се значителни, Нарачателот го задржува правото да не ја земе во разгледување доставената понуда.

5.3. Право на Нарачателот да прифати или одбие Пријавата за учество/Првичната финансиска понуда

Нарачателот го задржува правото да прифати или одбие било која Пријава за учество/ Привична финансиска понуда или пак да ја поништи тендерската постапка, без притоа да има обврска во однос на Економските оператори на известувањето за причините за таквата одлука.

Во случај на одбивање на понудите или пак откажување на тендерот, Нарачателот не сноси никаква одговорност во однос на трошоците на Економскиот оператор.

5.4. Известување за доделување на договор

Нарачателот ќе го извести успешниот Економски оператор по писмен пат (факс, е-маил) за прифаќањето на неговата Пријавата за учество/Првичната финансиска понуда. Нарачателот ќе ги извести неуспешните економски оператори за резулататот од Барањето за доставување на Пријава за учество/Првична финансиска понуда .

5.5. Потпишување на договор

Во рок од 15 дена по добивањето на писмено известување од Нарачателот за избор на економски оператор, успешниот Економски оператор ќе го потпише договорот и ќе го достави до Нарачателот. Во случај на подолг рок, Нарачателот има право да склучи договор со второрангираниот економски оператор.

5.6. Корупција и несоодветно однесување

Сите Економски оператори треба да се придржуваат на највисоките етички стандарди за набавки и извршување на договорот.

Нарачателот има право да ја одбие секоја Пријава за учество/ Првична финансиска понуда, ако се утврди дека Економскиот оператор има извршено коруптивно и несоодветно дејство, при што се подразбира нудење, давање или советување на нешто што може да влијае на учесниците во процесот на избор на Економски оператор или погрешно, несоодветно доставување на податоци што ќе придонесат за доделувањето на договорот.

Секој економски оператор има извршено коруптивно или несоодветно дејство или пак против економскиот оператор е покренатa постапка заради корупција, Нарачателот има право да ја исклучи.

5.7. Договорна казна

За секое непредвидена и ненавремена реализација на договорот, како и за неквалитетно исполнување на договорот, нарачателот го задржува правото за:

- барање на казнени пенали,
- раскинување на договорот и
- компензација на предизвиканата штета од неисполнувањето.

5.8. Виша сила

Испорачателот и Нарачателот се ослободуваат од одговорноста, како и од активирањето на договорната казна, ако по склучувањето на договорот настапат околности (кај било која страна – потписник на овој договор) кои не можеле да се предвидат, отклонат или спречат („Виша сила"), а за што страната кај која настанале околностите е должна да ја извести другата страна во рок од три дена. При неисполнување на оваа обврска се применуваат казнени пенали, како и при задоцнетата испорака.

Додека трае непредвидената околност, реализацијата на договорот се стопира за времетраење на истата.
Недостигот на суровини и персонал нема да се смета како Виша сила.

5.9. Услови за извршување

Доверливост

При реализацијата на Договорот, Испорачателот не смее без претходна писмена согласност на Нарачателот, да го открива Договорот или било која одредба од истиот, спецификација, информација итн. доставена од Нарачателот во врска со договорот, на било кое друго лице освен на лица овластени од Испорачателот и истите треба да ги третира како деловна тајна.

Пренесување на обврски

Испорачателот нема да ги пренесе на трета страна, делумно или целосно своите обврски за реализација на договорот, освен со претходна писмена согласност од Нарачателот. Таквото пренесување на обврските не го ослободува Испорачателот од било каква одговорност или друга договорна обврска.

Раскинување на договорот

Договорот може да се раскине:

- спогодбено, по барање на една од договорните страни
- ако Испорачателот не ги исполнува обврските од договорот
- ако Испорачателот е во толкаво задоцнување во однос на дефинираните рокови за испорака
- ако квалитетот на испорачаната опрема не ги задоволува утврдените технички услови и квалтиет со договорот
- банкротира, поведена е стечајна постапка кон Испорачателот или пак истиот стане несолвентен на било кој друг начин
- не исполни друга обврска од договорот, која може значително да влијае на работата на Нарачателот

Јазик

Договорот е напишан на македонски јазик. За целокупната кореспонденција и другите документи кои ќе се разменуваат помеѓу страните во врска со Договорот ќе се користи македонскиот јазик.

Решавање на спорови

Со склучувањето на договорот, договорните страни се согласуваат сите меѓусебни спорови да ги решаваат спогодбено и во духот на добрите деловни односи, а ако тоа не е можно, надлежен е судот во Скопје.

Измени и дополнувања на Договорот

Сите измени или дополнувања на условите од Договорот, се вршат написмено и/или со Анекси на договорот, соодветно потпишани од двете договорни страни.

Друго

Економскиот оператор, до доставување на Пријавата за учество/ Првичната финансиската понуда/ со потпишување на Договорот, потврдува дека ги добил сите потребни информации во врска со предметот на оваа Барање како и дека понудената услуга ќе ги задоволува сите технички барања наведени од Нарачателот.

Извршување на оваа покана и подоцнежниот договор се одвива според законите на Р.С. Македонија.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

6.1. Доставување на Пријавата за учество

Пријавата за учество треба да се достави во затворен коверт со назнака во горниот лев агол „Не отварај" и „За тендер" ПОВИК бр. 01.12.2026 година за Оддел Набавки- Служба за општи и инвестициски работи , додека во средината на пликот треба да биде назначена адресата на Нарачателот.
Ковертот не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува испраќачот.

6.2. Рок за доставување

Рок за доставување на понудата во **Писарницата на Нарачателот** е најдоцна до 15.12.2026 година до 15:00 часот.

6.3. Број на примероци

Понудите треба да пристигнат до наведениот рок во еден оригинален примерок и една копија, при што соодветно е назначено на ковертите "Оригинална понуда" и "Копија на понудата", во архивата на:

САВА осигурување а.д. Скопје
ул. Железничка 41 влез 3 кат
4 Скопје1000
Скопје, Р.С. Македонија

Понудите кои ќе пристигнат во Писарницата на Нарачателот по овој рок, нема да бидат земени во предвид при разгледувањето.

Нарачателот нема да сноси никаква одговорност во случај на несоодветна достава, губење или предвремено отварање, доколку ковертот не е соодветно означен.

6.4. Задоцнети Пријави за учество

Сите Пријави за учество што ќе ги добие Нарачателот по рокот пропишан во Барање за доставување на Пријава за учество ќе бидат одбиени и ќе бидат вратени до Економските оператори.

6.5. Број на понуди

Секој Економски оператор може да учествува само со една понуда. Доставувањето на алтернативни понуди не е дозволено.

6.6. Деливост

Набавката е **делива по лотови**.

6.7. Отварање на Пријавите за учество/Првичните финасиски понуди

Нарачателот ќе ги отвори Пријавите за учество и првичните финансиските понуди, вклучувајќи ги и измените и повлекувањата, без присиство на Економските оператори.

При отварањето на понудите, ниту една понуда нема да се отфрли, освен оние што се задоцнето доставени. Прво се отвараат соодветните измени/повлекувања на понудите, а потоа самите понуди.

Пријавата за учество не може да се измени по датата за доставување на понудите.

6.8. Доверливост

Економскиот оператор не смее да доставува информации на трета страна за што произлегуваат од ова барање за понуда и предметната техничка спецификација, без претходна писмена согласност на Нарачателот.

6.9. Трошоци за понуда

Економскиот оператор ги сноси сите трошоци за подготвока на Пријава за учество/Првична финансиска понуда, вклучувајќи ги и сите трошоци.

6.10. Документација

Составен дел на Барањето за Пријава за учество се следните документи
- Барање за понуда
- Општи услови за набавка на Сава осигурување а.д.Скопје

При доставувањето на Пријавата за учество, Економскиот оператор треба во потполност да ја следи тендерската документација.

6.11. Лица за контакт и појаснување на тендерската документација

Доколку на Економскиот оператор му се потребни било какви појаснувања на тендерската документација, истиот може да се обрати до Нарачателот написмено или по е-маил. Сите барања за појаснување на тендерската документација Нарачателот треба да ги добие најдоцна до 2 (два) дена пред истекот на рокот за достава на понудите. Нарачателот ќе одговори написмено или по е-маил на сите барања за појаснување на тендерската документација

Само комуникацијата на писмено или по е-маил ќе се смета за официјална.
Е-маил адреса за доставување и добивање на барањата за појаснување на тендерската документација :

Служба за општи и инвестициски работи
Одговорно лице за набавки : Никола Крстевски
Е маил :nikola.krstevski@sava.mk

САВА осигурување а.д. Скопје